# П Р А В И Л Н И К

## ЗА НАГРАДНАТА ИГРА “СИ КУПУВАМ СИ ДОБИВАМ“

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Со овој Правилник се определуваат начинот и условите за учество во наградната игра “СИ КУПУВАМ, СИ ДОБИВАМ“, начинот, денот,времето и местото на извлекување и објавување на добитниците, начинот, условите, роковите за подигнување на наградите, начинот на запознавање на учесниците со правилата на наградната игра и други општи одредби во врска со организирање и спроведување на наградната игра.

**НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ТРГОВСКОТО ДРУШТВО ОРГАНИЗАТОР НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Организатор на наградната игра “СИ КУПУВАМ, СИ ДОБИВАМ“ е Производно услужно трговско друштво СЕТЕК Се од Техника ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на ул.1523 бр. 1, Скопје-Кисела Вода (во понатамошниот текст **Организатор**

**ПРОИЗВОДИ ЗАРАДИ ЧИЕ РЕКЛАМИРАЊЕ СЕ ПРИРЕДУВА НАГРАДНАТА ИГРА**

Целта на наградната игра “СИ КУПУВАМ, СИ ДОБИВАМ“ на Производно услужно трговско друштво СЕТЕК Се од Техника ДОО увоз-извоз Скопје е рекламирање на целокупниот спектар на производите на друштвото во малопродажните објекти и интернет продавницата на друштвото низ целата територија на Република Северна Македонија.

**ИМЕ, ОПИС И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Официјалното име на наградната игра е “СИ КУПУВАМ, СИ ДОБИВАМ“.

Право на учество се стекнува со купување на производи во износ од минимум 2.000,00 денари по клуб цени во било кој од продажните салони на СЕТЕК Се од Техника, како и интернет продавницата на друштвото. Купон со промо кодови во смисла на овие Правила се кодови, кои секој сопственик на Сетек Клуб Картичка ги добива на корисничката сметка на интернет страницата nagradnaigra.setec.mk. Овие промо кодови мора да бидат активирани од потрошувачот за да може да учествува во наградната игра.

Наградната игра “СИ КУПУВАМ, СИ ДОБИВАМ“ ќе започне на 28.08.2023 г.во 00:01 часот и истата ќе трае заклучно со 30.12.2023 г. до 13:00 часот.

**ОПИС И СОДРЖИНА НА ПОТВРДАТА ВРЗ ЧИЈА ОСНОВА СЕ СТЕКНУВА ПРАВОТО НА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

Со активирањето на купонот добиен со направена сметка од минимум 2.000,00 денари во било кој од продажните салони на СЕТЕК Се од Техника низ целата територија на Република Северна Македонија, вклучувајќи ја и интернет продавницата на СЕТЕК Се од Техника, потрошувачите ќе добијат е-маил со содржина: „ ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА УЧЕСТВОТО ВО НАГРАДНАТА ИГРА "СИ КУПУВАМ, СИ ДОБИВАМ". АКТИВИРАН КУПОН БР. XXXXXXXXXX".

**ТЕРИТОРИЈА НА КОЈА СЕ ПРИРЕДУВА НАГРАДНАТА ИГРА**

Наградната игра "СИ КУПУВАМ, СИ ДОБИВАМ". на друштвото СЕТЕК Се од Техника ДОО ќе се одвива низ целата територија на Република Северна Македонија.

**ПОДАТОЦИ ЗА НАГРАДИТЕ ВО НАГРАДНАТА ИГРА**

Вкупната вредност на фондот на награди изнесува 4.347.899,33 денари**.**

Вкупниот број на награди е 122.

## УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

Во наградната игра  можат да учествуваат лица кои ги исполнуваат следниве услови:

1. Да е полнолетен (има навршено 18 години)
2. Да е граѓанин на Република Северна Македонија
3. Да има направено сметка во износ од минимум 2.000,00 денари од интернет продавницата или од  еден од малопродажните салони на СЕТЕК Се од Техника низ целата територија на Република Северна Македонија
4. Да има СЕТЕК Клуб Картичка (доколку нема истата може БЕСПЛАТНО да ја извади во било кој продажен  салон на СЕТЕК Се од Техника низ целата територија на Република Северна Македонија)
5. Да го активира добиениот купон со логирање на својот профил на страната nagradnaigra.setec.mk
6. За фискалната сметка да не бидат издадени претходни купони за наградна игра и истата да биде издадена на редовни клуб картичка цени.
7. Фискалната сметка да биде издадена од било кој од малопродажните објекти вклучувајќи ја и интернет продавницата на СЕТЕК Се од Техника во периодот од 28.08.2023 од 00:01 часот до 30.12.2023 година до 13:00 часот.

## ПРАВИЛА НА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОМО КОДОВИТЕ

1. Не постои ограничен број на кодови кои потрошувачите можат да ги активираат. Колку повеќе кодови праќаат, толку поголема шанса за добивка имаат.
2. Еден промо код не може да биде добитен повеќе од еднаш ( што значи по извлекувањето на промо кодот истиот се поништува за наредни извлекувања)
3. Сите недобитни кодови кои еден корисник ги стекнал при купување во продажните салони на Сетек во текот на целата година ќе учествуваат во главното извлекување кое ќе биде одржано на 30.12.2023 година.
4. Неактивираните купони не учествуваат во главното извлекување
5. По извлекувањето на главната награда сите купони се поништуваат
6. Неактивираните купони не учествуваат во извлекувањето

**Пристап до страната за преглед и активирање на купон за наградната игра:**

Купоните за наградната игра може да се проверат на страната nagradnaigra.setec.mk во менито „Наградна Игра“.

Секој купувач пристапува на страната со внес на број на клуб картичка или телефонски број и лозинка. Доколку купувачот прв пат пристапува на страницата, потребно е да внесе број на клуб картичка или телефонски број и во полето лозинка да го внесе својот телефонски број. Со кликнување на копчето „Пријави се“, доколку комбинацијата на телефонски број и број на СЕТЕК Клуб Картичка е точна, од него ќе се побара менување на лозинката и по внес на новата лозинка ќе добие пристап до своите купони.

**Активирање на купони:**

Купувачот, на web-страната nagradnaigra.setec.mk има право да активира дел или сите купони за наредното извлекување. Купонот е активиран само ако купувачот го притисне копчето „Активирај“. Со тоа купонот станува валиден. Купонот е јасно означен во корисничката сметка на купувачот на веб страницата. Веднаш до купонот ќе се појави датумот на извлекувањето. Во тек на извлекувањето на секој од активираните купони ќе има информација кој купон е добитен во кое извлекување, на кој датум како и информација дали тој купон е добитен или е недобитен.

Рокот на активирање е во периодот од добивање на купонот до 30.12.2023 до 13:00 часот. Секој купон може да се активира само еднаш.

При активирање на купоните секој потрошувач ќе добие емаил порака со содржина
“ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА УЧЕСТВОТО ВО НАГРАДНАТА ИГРА. АКТИВИРАН КУПОН/И СО БРОЈ/ЕВИ“
Активираниот купон се однесува само за неделното извлекување за кое е активиран, а доколку не е добитен и за главното извлекување. Сите активирани недобитни купони учествуваат во главното извлекување на 30.12.2023 година до 13:00 часот.

**Приговор:**

Доколку, од било која причина не е доделен купон за одредена сметка, на самата страна за преглед и активирање на купоните купувачот може да поднесе приговор при што, најдоцна во рок од 3 ( три ) дена, ќе му биде доставен одговор. Во случај на позитивен одговор, ќе бидат доделени соодветен број на купони согласно рекламираната сметка.

**Сторнирање на сметка:**

Сторнирање на целата или дел од сметката врз основа на која се доделени купони за учество во наградната игра ги поништува сите или дел од купоните доделени за учество во наградната игра.

При сторнирање на сметка се поништуваат активираните кодови само за износот на сторнираниот производ.

За секој поништен купон потрошувачот ќе биде известен по пат на email порака, со содржина:
“ВАШИОТ КУПОН СО БРОЈ XXXXXXX Е ПОНИШТЕН ЗАРАДИ СТОРНИРАНА СМЕТКА БРОЈ XX.XX.XX“

**ДИСКВАЛИФИКУВАЊЕ**

Учесник во наградната игра “СИ КУПУВАМ, СИ ДОБИВАМ“. на друштвото СЕТЕК Се од Техника ДОО ќе биде дисквалификуван, доколку:

1. Не ги исполнува некоја од условите детално наведени во член 9
2. Даде неточни, нецелосни или невалидни информации при пополнување на својот профил на страната nagradnaigra.setec.mk
3. Е некое од лицата кои се опфатени во категоријата на лица кои имаат забрана за учество во наградната игра ( вработени во ПУТД Сетек Се од техника како и блиски членови од семејството на вработените (деца, сопружници, родители, браќа, сестри)

**ТЕКОТ НА ПОСТАПКАТА НА ПРИРЕДУВАЊЕТО ОДНОСНО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА НАГРАДНАТА ИГРА**

**Неделно извлекување на купони:**

Сите активирани купони согласно начинот на активација на купоните кои се недобитни учествуваат во неделното извлекување на награди.

Наградите се извлекуваат со помош на компјутерски програм кој извлекува 7(седум) последователни бројки почнувајќи од најголемата.

За да се обезбеди валиден случаен број, за секоја бројка која се извлекува се формира низа на можни бројки земени од сите активирани купони кои учествуваат во извлекувањето согласно позицијата на бројката која се извлекува. Доколку во комбинацијата на активирани купони одреден број не постои истиот не се става како можен избор.

Секоја низа се обработува со Fisher-Yates алогоритам за обезбедување на низа на бројки по случаен избор. Дополнително при извлекувањето на бројот се зема број од низата по случаен избор.

Секој број од низата при извлекување се прикажува со почетна брзина од 30ms по број се до финалната брзина 250ms за секој нареден број (се успорува менувањето на броеви).

Зголемувањето на времето на приказ се прави со додавање на број по случаен избор од 1 до 10ms на основната брзина од 30ms се до постигнување на крајната брзина на приказ.

По извлекување на секој број, под бројките кои се извлекуваат се појавува информација колку има потенцијални добитници на награди со броеви на купони кои почетни бројки одговараат на извлечените броеви во моментот.

За секое неделно извлекување во зависност од бројот на награди кој ќе се доделуваат во тековната недела ќе бидат влечени резервни кодови по еден за секоја награда во случај да е дисквалификуван прво извлечениот добитник.

За секое неделно влечење ќе има Комисија составена од тројца претставници од Сетек се од техника (Правна служба, ИТ служба, Продажен референт).

Извлекувањето на неделните награди ќе биде оддржано во просториите на дирекцијата на Сетек се од техника на улица 1523 бр. 1 Скопје, секое неделно извлекување ќе биде во понеделник во

14 часот. Во извлекувањето ќе учествуваат купони кој се активирани во период од претходниот понеделник 00:01 до недела 23:59:59.

**Главно извлекување**

Главното извлекување ќе биде по пат на рачно извлекување со 7 стаклени садови. Првиот стаклен сад ќе има број на топчиња кој одговара на првиот број од најголемиот активиран купон. Останатите 6 (шест) стаклени садови ќе имаат по 9 топчиња со броеви од 0 до 9. Кога ќе се извлече првата бројка од садот компјутерскиот систем ќе знае колку можни комбинации има за преостанатите извлекувања. Доколку нема валиден број од тековната низа истиот се исфрла и се влече нов. Топчето со невалидниот број не се враќа во садот!

Главното извлекување ќе биде во салонот на СЕТЕК Се од Техника во трговскиот центар Diamond Mall Скопје на 30.12.2023 година во 14:00 часот. Влечењето на броеви ќе биде од случајни потрошувачи во трговскиот центар Diamond Mall Скопје . Стручното жири ќе биде составено од тројца претставници од СЕТЕК Се од Техника (Правна служба, ИТ служба, Продажен референт).

За главното извлекување компјутерски ќе биде извлечен 1(еден) резервен код во случај на дисквалификација на прво извлечениот.

Софтверот кој се користи за влечење на добитници за наградната игра организирана од Сетек се од техника е изработена од организаторот.

Подигнувањето на наградата ќе се спроведе со приложување на валидна лична карта како и сетек клуб картичка и добиената СМС порака на мобилниот уред.

**ГУБЕЊЕ НА ПРАВОТО НА НАГРАДА**

Доколку учесникот не е достапен или пак не ги достави бараните податоци во рок од 48 часа од моментот на праќање на пораката со која се известува дека е добитник, од било која причина, за која не е и нема да биде одговорен Организиторот, добитникот на наградата го губи правото на награда и истата се пренесува на второ извлечениот добитник, како резерва на прво извлечениот добитник.

Учесникот ќе ги изгуби правото на награда и доколку се надмине предвидениот рок за доделување на наградите од 14 ( четиринаесет ) дена од датумот на објавување на добитниците на веб страницата на организаторот – страната nagradnaigra.setec.mk

Во тој случај наградата преминува на второизвлечениот добитник како замена на првоизвлечениот.

Наградите кои нема да бидат доделени остануваат во сопственост на Организаторот.

**НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ, ОДНОСНО ДОБИТНИЦИТЕ НА НАГРАДИТЕ**

Извлечените добитници на некоја од наградите од наградната игра "СИ КУПУВАМ, СИ ДОБИВАМ" на СЕТЕК Се од Техника ДОО за нивното извлекување ќе бидат известени со СМС и емаил порака најдоцна во рок од 24 часа од завршување на извлекувањето.

Од моментот на извлекување, тие стануваат потенцијални добитници на наградата и ќе треба во рок од 48 часа од добивање на СМС и емаил пораката, да ги достават бараните податоци и добитниот промо код за да можат да се верификуваат и објават како официјални добитници.

По завршување на извлекувањето на наградите се составува Извештај за резултатите од извлекувањето и од утврдувањето на наградите по број. Извештајот од извлекувањето се објавува во рок од 3 дена од денот на извлекувањето на официјалната веб страна за наградната игра на СЕТЕК Се од Техника ДОО Скопје и профилите на социјалните мрежи на Организаторот (Фејсбук и Инстаграм).

## НАЧИН И РОК НА ИСПЛАТА, ОДНОСНО ОСТВАРУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА

Добитниците на некоја од наградите ќе можат да си ја подигнат својата награда најдоцна во рок од 14 ( четиринаесет ) дена од денот на објавување на добитниците, во просториите на Дирекцијата на друштвото, на адреса ул.1523 бр.1, Скопје-Кисела Вода.

Подигнувањето на наградата може да го реализира и друго лице, но само со специјално полномошно дадено исклучиво за таа цел, заверено на нотар.

Добитникот на наградата ќе треба да достави документ за идентификација, оригиналната фискална сметка, како и промо кодот кој е добиен при купувањето на производи од Организаторот.

Предавањето на главната награда-стан се врши во рок од 15 дена од денот на објавувањето на добитинците. Доколку главната награда стан нема технички прием сопственоста на добитинкот на главната награда ќе се префрли со лист за предбележување.

Подигнувањето на наградата ќе се спроведе со приложување на валидна лична карта како и сетек клуб картичка и добиената СМС порака на мобилниот уред.

Добитникот на наградната игра ќе биде контактиран од страна на контакт центарот на Организаторот телефонски за сите детали околу верификацијата и подигнување на наградата.

## ПОТВРДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА НАГРАДА

При предавање на наградата, добитникот на наградата е должен да потпише потврда за преземање на наградата.

## НАЧИН НА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО НАГРАДНАТА ИГРА СО ПРАВИЛАТА НА ИГРАТА

Овој правилник и сите дополнителни информации во врска со наградната игра ќе бидат објавени на веб страницата на Организаторот nagradnaigra.setec.mk, како и на неговите профили на социјалните мрежи Фејсбук и Инстаграм.

Организаторот и во тек на траењето на наградната игра постојано ќе ги информира учесниците за правилата за учество преку рекламните пораки во електронските и пишаните медиуми.

На телефонскиот број 02 3 080 877 локал 0300, секој работен ден од 09:00 до 16:00 часот, заинтересираните лица можат да добијат дополнителни информации за наградната игра.

## ПРАВО НА ПРИГОВОР

Незадоволните учесници во наградната игра “СИ КУПУВАМ, СИ ДОБИВАМ“ имаат право на Приговор во рок од 3 ( три ) дена од денот на објавувањето на Списокот на извлечени добитници.

По приговорот ќе одлучува Комисијата за организирање на наградна игра во рок од 3 дена од денот на приемот на приговорот.

## ОДГОВОРНОСТ

Целокупниот награден фонд ќе биде обезбеден од страна на приредувачот – ПУТД СЕТЕК Се од Техника ДОО увоз-извоз Скопје

Со плаќање на персоналниот данок и преземањето на наградите, престануваат понатамошните обврски на ПУТД СЕТЕК Се од Техника ДОО увоз-извоз Скопје

Приредувачот нема никаква одговорност која може да произлезе од користењето на наградите, како и плаќање на штета или тужба кои на некаков начин се поврзани со користењето на наградите.

Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра разбира и се согласува дека учествува во наградната игра на сопствен ризик.

ул. 1523 бр.1, 1000 Скопје, Македонија
тел: ++389 (0)2 30 80 877
www.setec.mk e-mail: setec.prodazba@setec.mk

Со самото учество во наградната игра учесникот се согласува доколку биде извлечен за некоја од наградите, неговите лични податоци да бидат јавно објавени.

Приредувачот не одговара во случај кога добиената награда не може да биде дадена или искористена поради неможност потенцијалниот добитник или негов претставник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови или поради други технички или правни пречки врзани за конкретниот добитник или негов претставник и поради околностите предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или други околности.

Во случај на печатни грешки во рекламните материјали Организаторот нема да се смета за одговорен.

**ПРЕКИНУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА**

Наградната игра може да биде прекината во случај на виша сила, вклучувајќи ја неможноста Организаторот – СЕТЕК Се од Техника ДОО да ја изведе наградната игра поради причини независни од неговата волја по добиена согласност од Министерството за финансии.

Во случај Организаторот – СЕТЕК Се од Техника ДОО треба да ги информира потрошувачите за прекинувањето на наградната игра, истото ќе го направи со соопштение во медиумите.

**ЗАБРАНА ЗА УЧЕСТВО**

Право на учество во наградната игра “СИ КУПУВАМ, СИ ДОБИВАМ“ на Производно услужно трговско друштво СЕТЕК Се од Техника ДОО увоз-извоз Скопје немаат вработени во ПУТД Сетек Се од техника како и блиски членови од семејството на вработените (деца, сопружници, родители, браќа, сестри)

**ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Со прифаќање на условите на наградната игра на веб страната nagradnaigra.setec.mk учесниците се согласни да ги дадат своите лични податоци на организаторот и тоа: име, презиме, телефонски број, улица, број, поштенски код, град, број на лична карта, како и личната карта на увид. Организаторот ќе ги користи и обработува личните податоци на добитниците исклучиво за целите на наградната игра. Личните податоци од добитникот се бараат исклучиво заради проверка на правото за учество во наградната игра и за доделување на наградата. Вршењето увид во личната карта е потребно за да се утврди правото на учество во наградната игра. Личните 6 податоци на учесниците нема да се користат за други цели, освен со изрична согласност на учесникот. За сите лица, кои ќе бидат вклучени во процесот на прибирање и обработка на личните податоци, ќе се обезбедат потпишани овластувања за работа со лични податоци и изјава за заштита на лични податоци. Организаторот на наградната игра се обврзува дека нема да ги проследува личните податоци на трети лица, освен доколку е тоа потребно за изведување на наградната игра. Обработката на личните податоци за цели на директен маркетинг ќе се извршува во целост во согласнот со Законот за заштита на личните податоци, а секој учесник во наградната игра има право во секое време бесплатно и со користење на едноставни средства да ја повлече согласноста за обработка на неговите лични податоци за цели на директен маркетинг. Организаторот се обврзува дека ќе ги обработува, чува и уништи податоците во согласност со законодавството со кое е уредена заштитата на личните податоци.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Со исполнување на правилата за учество во наградната игра, учесниците ги прифаќаат одредбите од овие правила.

Овие правила се задолжителни за учесниците и истите ќе се применуваат по добивање на согласност од Министерството за финансии на РСМ и по нивно јавно објавување, а ќе важат до завршувањето на наградната игра, односно до истекот на рокот за подигнување на наградите.

Организатор

Сетек Се од Техника ДОО Скопје